Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-554/4
Датум: 17-12-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 554/1 од 12.08.2024 година, поднесена со седиште на против Општина Конче, со седиште во с. Конче ББ, за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во пристапот до вработување на етничките Турци од општина Конче, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020), на 17.12.2024 го донесе следното

## **М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во пристап до вработување и примена на Законот за употреба на јазиците од страна на Општина Конче врз етничките Турци од општина Конче.

## **О б р а з л о ж е н и е**

На 12.08.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од против Општина Конче за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во пристапот до вработување на етничките Турци од општината.

Подносителите во претставката наведуваат дека во општина Конче, согласно податоците од последниот попис, живеат вкупно 2725 жители од кои 606 се од турска етничка припадност, односно процентот на турско етничко население во општината е 22.23%. Тргнувајќи од овој податок, подносителите наведуваат дека, согласно Уставот и важечката законска регулатива во однос на граѓаните кои претставуваат 20% од вкупното население во локалната самоуправа им следуваат одредени права кон општинската администрација на Општина Конче и дека општината е должна да им ги овозможи тие права на граѓаните од турска етничка припадност. Едно од тие права, според подносителите е правото на правничка и соодветна застапеност, кое е предвидено со Амандманот VI на Уставот на Република Северна Македонија, кој предвидува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Според податоците на подносителите, во Општина Конче има вработено 22 лица, од кои 3 се припадници на турската етничка заедница, што претставува 13.63% од вкупниот број на население. Подносителите, понатаму во претставката наведуваат дека ниту еден од тројцата вработени етнички Турци не се наоѓа на раководна позиција во општината, односно дека еден вработен е на позиција советник, еден на позиција самостоен референт, а еден на позиција виш соработник. Подносителите сметаат дека на овој начин вработените етнички Турци во Општина Конче не може да влијаат на политиките на Општина Конче, односно, со ваквата состојба на турската етничка заедница во општина Конче, како втора најголема етничка заедница во општината, и е нарушено достоинството и истата е доведена во нееднаква положба во однос на другите заедници. Следствено на тоа, според подносителите, со ваквата пракса се врши етничка и национална дискриминација на оваа група граѓани, а со тоа се повредува и правото на работа, уставни права во однос на другите малцинства, правото на квалитетен сервис на институцијата кон турската етничка заедница и така натаму.

Дополнително, подносителите во претставката наведуваат дека општинската администрација на Општина Конче во целост не ги исполнува обврските кои произлегуваат во однос на употребата на јазиците на граѓаните кои претставуваат над 20% од вкупното население во дадена

општина/локална самоуправа, односно дека се прекршува чл. 1, ст. 4 од Законот за јазици. Цитираниот член предвидува дека во единиците на локалната самоуправа јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик, покрај македонскиот јазик и кирилското писмо. Тоа значи дека турскиот јазик, согласно податоците од спроведениот попис во 2021 година, е службен јазик во Општина Конче. Но, според подносителите, општинската администрација ја нема преведено веб страната на турски јазик, називите на институциите, канцелариите и огласните табли не се напишани на турски јазик, јавните документи објавени на страната на општината не се преведени на турски јазик, а делот огласи и новости на општината и натаму не е преведен на турски јазик.

Оттука, подносителите сметаат дека ваквата состојба ги става жителите на општина Конче од турска етничка припадност во подредена, непријателска и омаловажувачка состојба во однос на мнозинското население, со што е исполнето битието на вознемирување од чл. 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно чл. 24, ст.7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 02.09.2024 година ја достави претставката со барање за произнесување до Општина Конче.

На 05.10.2024 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Општина Конче по предметната претставка.

Во произнесувањето Општина Конче наведува дека во општинската администрација се вработени 17 лица во редовен работен однос, а останатите се ангажирани преку приватна агенција за вработување. Општината наведува дека вработувањето на неопределено време се врши согласно Планот за вработување и т.н. Балансер, кој во моментот на носењето на ова мислење е укинат со одлука на Уставниот Суд У.бр. 90/2024 од 09.10.2024 година. Подносителите наведуваат дека Балансерот согласно процентот на население од пописот определувал и припадност на етничката заедница која треба да биде вработена по распишан јавен оглас, а вработените 3 лица од турска етничка припадност го исполнуваат процентот на застапеност на истата, видно од приложениот годишен план за вработување на општината за 2025 година и од балансерот за 2025 година, пред доставен пред неговото укинување. Воедно, Општината информира дека има распишано и внатрешен оглас за работно место Советник за односи со граѓаните и малцинските заедници, заради унапредување на административен службеник од соработник во советник, за што доставува докази од интерниот оглас.

Понатаму, во однос на тврдењата на подносителите дека во Општината нема лица од турска етничка припадност на раководни позиции, Општината доставува решение за именување на ВД Директор на ЈПКД Лакавица Конче, со кое како ВД директорка на ЈПКД Лакавица Конче се именува преведувачка и толкувачка по турски јазик, етничка Турчинка.

Во однос на наводите на подносителите за непочитување и прекршување на чл. 1, ст. 4 од Законот за јазици, Општината, во поднесокот за произнесување доставува докази од кои се гледа дека таблата која стои на влезот на Општината е напишана на македонски, турски и англиски јазик. Понатаму, Општината доставува копија од Службениот гласник на Општина Конче, каде видно се објавуваат актите на Општината на македонски и турски јазик. Општината, воедно, доставува и копија од почетната веб страна, која е изработена на македонски и турски јазик.

Имајќи ги предвид наводите од претставката на подносителите, наводите и доказите во поднесокот за произнесување на Општина Конче, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација и вознемирување врз основа на етничка припадност кон етничките Турци, жители на општина Конче од страна на Општина Конче.

Имено, во процесот на вработување Општината ги следела законските и подзакоските одредби за правична и соодветна застапеност, а процентот на вработени етнички Турци во општинската администрација соодветствува на процентот на население од турска етничка припадност, согласно пописот од 2021 година. Дополнително, Општина Конче во поднесокот за произнесување достави неспорни докази за именување на етничка Турчинка на раководна позиција како ВД директорка во ЈПКД Лакавица Конче, јавно претпријатие основано од страна на Општината, со што го негираше тврдењето на подносителите дека во Општина Конче не се поставуваат етнички Турци на раководни позиции. Воедно, видно од копијата од Службениот гласник на Општината, сите акти на Советот на Општина Конче, се објавуваат на македонски и турски јазик, што е во насока на почитување на одредбите од чл. 1, ст. 4 од Законот за јазици. Во иста насока е објавувањето на двојазични содржини на веб страната на Општината.

При вака констатираната фактичка состојба иако подносителите во својата претставка направија prima facie и го префрлија товарот на докажување врз Општина Конче, Општината во постапката успеа да докаже дека не сторила никаква повреда на права на своите жители од турска етничка припадност. Следствено, ако не постои повреда на право, не може да постои ниту дискриминација, како повреда на одредено право врз основа на заштитна карактеристика, бидејќи тоа претпоставува иницијално постоење на повреда на одредено право. Оттука, Комисијата заклучува дека во конкретниот случај не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација и вознемирување врз основа на етничка припадност кон етничките Турци, жители на општина Конче од страна на Општина Конче.

НАПОМЕНА: Заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го пречекори законски утврдениот рок од 60 дена за постапување по претставки.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Општина Конче, с. Конче ББ